## Кратко упатство за електронско пријавување на испити

Откако ќе се најавите на системот http://finki.iknow.ukim.edu.mk, пред вас се отвора почетната страница за студентите. На неа се наоѓаат активни соопштенија кои биле поставени од факултетот. Главното мени за навигација се наоѓа на горниот дел од страницатав еднаш под името, презимето и бројот на индекс на најавениот студент.

Втората опција од менито ве води на страница на која можете да ги видите вашите лични податоци кои се внесени во системот при запишувањето. Третата опција е "Запишани семестри". На оваа страница студентот има увид во тоа кои семестри му се веќе запишани. Во табот "Предмети" студентот има увид во запишаните предмети во семестрите кои ги запишал. Во табот "Испити" може да има увид кои предмети му се внесени во системот како положени и која е соодветната оценка која ја има добиено за истите

.Во табот "Пријави" студентот има можност да прати електронска пријава за испит за некој од запишаните предмети. Од листата со веќе слушани предмети треба да се избере професорот кај кој е слушан предметот и ќе се полага и да се штиклира квадратчето во колоната "Пријави". Откако ќе ги штиклирате сите предмети кои сакате да ги пријавите, кликнете го копчето "Пријави". Во табелата со пријавени испити, кај секој пријавен испит се појавува сериски број на пријавата. Серискиот број на електронската пријава задолжително треба да се впише на хартиената пријава. Серискиот број треба да се напише на горниот десен агол од пријавата, на нејзината задна страна.